### УМЕТНИЧКИ СОВЕТ НА ДЛУМ

# ЗА ЗИМСКИОТ САЛОН СЕЛЕКТИРАНИ 116 ДЕЛА

- *СЕЛЕКЦИЈАТА Е НАПРАВЕНА ОД ИСТАКНАТИТЕ 250 ДЕЛА ОД ОКОЛУ 150 АВТОРИ*

Уметничкиот совет на ДЛУМ селектира 116 дела (слики, графики, скулптури, мозаици и инсталации) за Осмиот зимски салон, што на крајот на февруари (25-26) ќе биде отворен во Музејот на современата уметност.

Членовите на Советот Александар Ристевски, Зоран Јакимовски, Симеон Арнаудов, Ѓоки Матевски, Емил Шулајковски и Симонида Филипова за селектираните 116 дела од 90 автори се одлучија од пријавените 250 со потпис на околу 150 автори. Делата на уметниците од внатрешноста ги селектираше Александар Јанкуловски.

Зимскиот салон на ДЛУМ годинава, како што е познато ќе биде биенален, додека годишната презентација на македонската ликовна уметност ќе остане во рамките на Ревијалната изложба на ДЛУМ, што годината ќе треба да биде одржана во Музејот на град Скопје во септември или октомври, за што договорите се во тек.

Годинава Зимскиот салон требаше да има селектор, беше назначен Таки Павловски, но на неколку дена пред селекцијата, заради, како што информиравме спор околу хонорарот од 2000 ГМ, ДЛУМ му се заблагодари и селекцијата му ја препушти на Уметничкиот совет. Од ДЛУМ најавуваат дека конкретните причини за одземањето на селекторството на Таки Павловски ќе бидат дополнително соопштени, најверојатно на прес конференција. Таки Павловски од своја страна исто така најавува дека ќе ги соопшти причините зошто му е одземена улогата селектор на Зимскиот салон на ДЛУМ за годинава, кои тој ги лоцира на друго место, но вели дека ќе го направи тоа дури откако ДЛУМ официјално ќе соопшти дека годинава нема селектор.

Р.Р.Т.